Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 701/3

22-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-701/1 од 15.9.2023 година поднесена од [redacted] во Македонија против Министерство за внатрешни работи, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.12.2023 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за внатрешни работи врз вработените во министерството.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("**Комисијата**") од страна на [redacted] на Македонија ("**Синдикатот**") поднесена е претставка бр. 08-701/1 од 15.9.2023 година за сторена дискриминација врз основа на осигурување во областа на работата и работните односи од страна на Министерство за внатрешни работи ("**Министерството**").

Согласно наводите од претставката, Министерството за внатрешни работи од 24.8.2022 година воопшто не го почитува член 156 од Законот за внатрешни работи кој гласи:
„Министерството е должно да ги осигури работниците во Министерството за случај на смрт, телесно оштетување, или губење на работната способност."
Од Синдикатот наведуваат дека вработените во Министерството воопшто не се осигурени во случај на горенаведените околности, а со тоа дека се дискриминирани од страна на работодавачот.

Во прилог на претставката беа доставени:

- Решение за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со рег. бр. 16.1.2- 269/1 од 16.2.2023 година на Министерството за внатрешни работи и
- Информација со рег. бр. 18.1-88472/1 од 17.8.2023 година на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.10.2023 година испрати Известување бр. 08-701/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи.

Од причина што од страна на Министерството не беше доставен одговор на претставката до моментот на носење на ова Мислење, Комисијата ги зема предвид единствено наводите изнесени во претставката.

По увид во наводите од претставката и доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Член 156 од Законот за внатрешни работи предвидува дека Министерството е должно да ги осигури работниците во Министерството за случај на смрт, телесно оштетување, или губење на работната способност.

Согласно планот за јавни набавки на Министерството за 2022 година, планирана била набавка за колективно осигурување на вработените и за таа цел биле објавени пет последователни огласи на електронскиот систем за јавни набавки. Огласите завршиле со одлука за поништување на постапката од причина што не била пристигната ниту една понуда.
Согласно планот за јавни набавки на Министерството за 2023 година, планирана е набавка на Услуги за колективно осигурување на вработени во вредност од 60 милиони денари, за период од три години. Врз основа на временската рамка на склучената рамковна спогодба бр. 18.1-79367/1 од 7.10.2020 година за период од две години, Одделението за јавни набавки и примена на стандарди навремено пристапило кон спроведување на постапка за јавна набавка со објавување на оглас број 11223/2022 година на електронскиот систем на Бирото за јавни набавки.

За потребата од предметната набавка спроведени биле осум постапки кои завршиле со одлука за поништување од причина што не била поднесена ниту една понуда. Оттука било пристапено кон донесување на одлука за јавна набавка по десетти пат, односно по четврти пат во тековната 2023 година, за што на 19.7.2023 година бил објавен оглас број 13125/2023 на електронскиот систем на Бирото за јавни набавки. Врз основа на ваквата фактичка состојба, Одделот за општи и заеднички работи при Министерството ја исполнил својата законска обврска, односно постојано објавувал огласи за јавна набавка, меѓутоа тие биле поништувани бидејќи не пристигнувале понуди. Дотолку повеќе, во последната објавена постапка по поставено прашање околу можен поголем рок за утврдување на исплата на штета, рокот бил зголемен со цел да се јават потенцијални понудувачи.

Во оваа насока, Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата во член 6:
„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."

Земајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде факти и околности кои укажуваат на тоа дека Министерството за внатрешни работи ги ставило вработените во Министерството во понеповолна положба во споредба со други врз некоја дискриминаторска основа.

Имено, за да постои дискриминација мора лицето или групата кои го изнесуваат тврдењето за сторена дискриминација да биле ставени во понеповолна положба во однос на други лица кои се наоѓаат во споредбено иста или слична ситуација и истото да е сторено врз некоја дискриминаторска основа, односно лична заштитна карактеристика.

Во оваа насока, согласно Колективниот договор на МВР, колективното осигурување е право на сите вработени во Министерството за внатрешни работи, па оттука не може да стане збор за нееднаков третман кон одредена група на вработени во Министерството наспроти останатите. Исто така во конкретниот случај не постои ниту дискриминаторска основа врз која одредена група вработени во Министерството биле дискриминирани во поглед на колективното осигурување.

Врз основа горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за внатрешни работи врз вработените во Министерството.

Скопје
22.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје